ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
А.бр.118/20-1 23.12.2020 год.
П р и л е п

Врз основа на чл.37 ст.1 од Законот за Јавнообвинителсска служба (Службен весник на РМ бр.62/15, бр.231/15, бр.11/16 и бр.21/18), Основниот јавен обвинител, донесе:

# О Д Л У К А

## За избор на кандидат по пат на јавен оглас

1. По пат на јавен оглас бр.1/2020 од 15.10.2020 година, за вработување јавнообвинителски службеник, во Основно јавно обвинителство-Прилеп, за работно место Помлад Јавнообвинителски соработник за казнено право - 2 извршители, врз основа на Предлог на кандидати од Комисијата за селекција за вработување се избираат:

Кристијан Момироски
Јулија Јуртоска

2. Вработувањето на избраните кандидати од т.1 на оваа Одлука ќе се изврши по завршувањето на постапката и конечноста на Одлуката.

## О б р а з л о ж е н и е

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, на ден 15.10.2020 година во дневните весници „Вечер“, „Нова Македонија“ и „Коха“ објави јавен оглас бр.1/2020 за пополнување на работно место Помлад Јавнообвинителски соработник за казнено право-2 извршители во Основно јавно обвинителство Прилеп.

По спроведена постапка за селекција за вработување од страна на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, врз основа на предлог на кандидати за вработување, Основниот јавен обвинител изврши избор на кандидати како во диспозитивот на оваа Одлука.

Во рок од 5 дена од конечноста на Одлуката за избор, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, ќе донесе решение за вработување на Јавнообвинителски службеник на неопределено време.

Оваа Одлука за избор се објавува на веб-страницата и на огласната табла на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

ОСНОВЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ,
Милка Спиркоска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба преку Јавното обвинителство за чии потреби е објавен јавниот оглас до Советот на Јавнообвинителската служба, во рок од 8 дена од денот на приемот на писменото известување за извршениот избор.

Д-но до: - Јавно обвинителство на Р.Северна Македонија
- Одделение за управување со човечки ресурски во ЈОРСМ
- Избраниот кандидат
- Архива.

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
А.бр.118/20-2 23.12.2020 год.
П р и л е п

Врз основа на чл.37 ст.1 од Законот за Јавнообвинителсска служба (Службен весник на РМ бр.62/15, бр.231/15, бр.11/16 и бр.21/18), Основниот јавен обвинител, донесе:

О Д Л У К А

За избор на кандидат по пат на јавен оглас

1. По пат на јавен оглас бр.1/2020 од 15.10.2020 година, за вработување јавнообвинителски службеник, во Основно јавно обвинителство-Прилеп, за работно место Самостоен јавнообвинителски референт-уписничар - 2 извршители, врз основа на Предлог на кандидати од Комисијата за селекција за вработување се избира 1 кандидат:

Маја Наумоска

2. Вработувањето на избраниот кандидат од т.1 на оваа Одлука ќе се изврши по завршувањето на постапката и конечноста на Одлуката.

За втор кандидат ќе се донесе посебна Одлука.

О б р а з л о ж е н и е

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, на ден 15.10.2020 година во дневните весници „Вечер“, „Нова Македонија“ и „Коха“ објави јавен оглас бр.1/2020 за пополнување на работно место Самостоен јавнообвинителски референт-уписничар - 2 извршители во

Основно јавно обвинителство Прилеп.

По спроведена постапка за селекција за вработување од страна на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, врз основа на предлог на кандидати за вработување, Основниот јавен обвинител изврши избор на 1 кандидат, како во диспозитивот на оваа Одлука.

За втор кандидат ќе биде донесена посебна Одлука, бидејќи Комисијата не предложи втор кандидат.

Во рок од 5 дена од конечноста на Одлуката за избор, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, ќе донесе решение за вработување на Јавнообвинителски службеник на неопределено време.

Оваа Одлука за избор се објавува на веб-страницата и на огласната табла на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

ОСНОВЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ,
Мирка Спиркоска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба преку Јавното обвинителство за чии потреби е објавен јавниот оглас до Советот на Јавнообвинителската служба, во рок од 8 дена од денот на приемот на писменото известување за извршениот избор.

Д-но до: - Јавно обвинителство на Р.Северна Македонија
- Одделение за управување со човечки ресурски во ЈОРСМ
- Избраниот кандидат
- Архива.